Врз основа на член 126 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и член 36 став 1 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 12 јуни 2020 година, донесе

# УРЕДБА
# СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА ВРАЌАЊЕ НА ДЕЛ ОД ДАНОКОТ НА ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ НА ФИЗИЧКИТЕ ЛИЦА ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА

**Член 1**

Во Уредбата со законска сила за примена на Законот за враќање на дел од данокот на додадена вредност на физичките лица за време на вонредна состојба („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 108/20), во член 2 во ставот (3) зборовите „и нема да има можност за отповикување на дадената согласност" се заменуваат со зборовите „ќе има можност да го промени одговорот се додека е отворена опцијата за избор, но најдоцна до 30.6.2020 година и износот на делот на данокот на додадена вредност за кој се стекнал со правото на враќање за првото календарско тримесечје во 2020 година ќе му биде исплатен на трансакциската сметка до 30 јули 2020 година."

**Член 2**

По членот 2 се додава нов член 2-а кој гласи:

„Член 2-а

Од денот на влегувањето во сила на оваа уредба со законска сила и не подоцна од 31.12.2020 година, враќањето на делот од данокот на додадена вредност пресметан на прометот на македонски добра и услуги се врши во висина од 20% од пресметаниот данок искажан во поединечна фискална сметка. Враќањето на делот од данокот на додадена вредност за прометот на останати добра и услуги се врши во висина од 10% од пресметаниот данок на додадена вредност искажан во поединечна фискална сметка.

**Член 3**

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

**Бр.44-5466/1**
**12 јуни 2020 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Оливер Спасовски**